НОВА МАКЕДОНИЈА
ПРВИОТ МАКЕДОНСКИ ДНЕВЕН ВЕСНИК


Фото: Маја Јаневска-Илиева

# ЗНМ го осудува застрашувањето новинари

**МАКЕДОНИЈА**
03.03.2017 13:17
8

Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) ја осудува кампањата на застрашување и понижување на новинари што во последните денови во Скопје ја спроведуваат непознати лица инспирирани од воинствените изјави на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски, кој минатат недела ги повика етничките Македонци преку протести да ја спречат опозицијата да формира влада со партиите на Албанците, се вели во соопштението на ЗНМ.

- Кукавички е Груевски да ги инструментализира младите за извршување на валканите работи изложувајќи ги нив и нивните семејства на ризик за неговите политички интереси. Вчерашната примитивна провокација кон новинарот Борјан Јовановски, кој беше исплукан во ресторан, и вознемирувањето во семејниот дом на новинарот Бранко Тричковски, е директен напад врз слободата на изразување - коментираат од ЗНМ.

Тие предупредуваат дека ваквите провокации можат да ескалираат во физичко насилство врз новинарите со несогледливи последици.

- Незамисливо е во 21 век во Македонија новинарите да бидат изложени на притисок и малтретирање за јавно искажан став. Оваа срамна кампања има цел да ги заплаши и замолчи новинарите и преостанатите граѓани и сите неистомисленици на власта. Груевски добро знае дека само неинформирани граѓани можат да бидат лесно манипулирани и вовлечени во конфликт. Го повикуваме Груевски да престане со ширење говор на омраза, кој поттикнува насилство, и да ги вразуми и смири неговите следбеници. Овој повик се однесува и на сите политичари и јавни личности, да се воздржат од ваков воинствен речник - се вели во соопштението на ЗНМ.

Оттаму апелираат сите новинари и медиуми да известуваат професионално и да не долеваат масло на огнот, зашто само на тој начин ќе помогнат да се смират тензиите.